Interreg Co-funded by the European Union

IPA ADRION

GREENSMES

Отворен повик за микро, мали и средни претпријатија (ММСП) за транснационална соработка во зелени иновации

ОПРАВДАНОСТ И ЦЕЛ НА АКТИВНОСТА

Овој повик е објавен во рамките на проектот GREENSMES: Подобрување на модернизацијата на МСП и зелените иновации и транзиција кон успешна одржливост преку транснационални практики и алатки за соработка, кофинансиран од ИПА АДРИОН програмата на Европска Унија.

GREENSMES има за цел да ги зајакне иновациските капацитети преку транснационална соработка и соработка на јавните институции, академската заедница, бизнис секторот и граѓанското општество, притоа промовирајќи меѓурегионална соработка во областа на зелена транзиција, чисти технологии, поддршка на МСП, развој на вештини, зајакнување на иновациски екосистеми. Малите и средни претпријатија, вклучувајќи ги и микро-претпријатијата (ММСП), се основа на економијата во АДРИОН регионот. Сепак, постоечките модели на производство и потрошувачка создаваат еколошки и здравствени предизвици. Иако значењето на зелените иновации постојано расте, напорите за промоција на зелената економија се ограничени, а многу МСП не се целосно запознаени со постојните политики и можности. GREENSMES се стреми да го надминеме овој јаз преку поддршка на МСП за зелена транзиција, поттикнувајќи позелени производствени процеси, одржливи производи и услуги, како и подобрена ефикасност и конкурентност.

Иницијативата се спроведува од страна на проектни партнери од Италија, Грција, Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија, Албанија, Северна Македонија и Црна Гора. Овој отворен повик е **наменет за микро, мали и средни претпријатија во Северна Македонија** за поддршка на зелени иновации и транзиција кон поодржливи бизнис практики.

ОПСЕГ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Вкупниот број на поддржани проекти е **минимум пет (5)**.

Финансиската вредност на поддршката за имплементација на секој одобрен проект нема да надмине **2.000 € по корисник** (со вклучен ДДВ).

Согласно, финансиската поддршка може да биде пониска од побараниот износ. Исто така, финансиската поддршка може да биде намалена во случај на непочитување на договорот за грант за време на имплементацијата (на пр., несоодветна имплементација, прекршување на обврските и сл.).

Поддршката ќе биде обезбедена од страна на искусни експерти избрани и назначени од договорниот орган.

This project is co-funded by the European Union through the Interreg IPA ADRION programme.

УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО

Апликантот/корисникот е деловен субјект кој:

- е микро, мало или средно претпријатие (ММСП) согласно дефиницијата и класификацијата утврдена во Директивата на Европска комисија (ЕУ) 2023/2775 од 17 октомври 2023 година, која стапи во сила на 1 јануари 2024 година;
- има главна економска дејност во еден од приоритетните сектори на GREENSMES:
    1. **Енергија и одржлива животна средина**;
    2. **ИКТ** – Информациски и комуникациски технологии;
    3. **Прехранбена индустрија** (освен примарно производство на земјоделски производи; активности на фарма за подготовка на производ за прва продажба);
    4. **Производство на домашни системи**;
    5. **Напредна механика, електроника, автоматизација и воздухопловна индустрија**;
    6. **Паметен град / паметна мобилност**;
- има правен статус и седиште во ИПА АДРИОН област, соодветна за овој повик, конкретно во Скопскиот регион или во Република Северна Македонија;
- нема неподмирени даночни и осигурителни обврски, согласно сопствена изјава;
- не е во постапка на ликвидација и не претставува претпријатие во потешкотии согласно Регулативата на Европската комисија бр. 651/2014, член 2.18;
- не е прогласено за банкротирано и нема започнато постапка за стечај;
- нема пресуди за финансиски нерегуларности, неетички или незаконски деловни практики.

УСОГЛАСЕНОСТ СО ДРЖАВНА ПОМОШ

Корисниците (ММСП) на техничките активности мора да ги исполнуваат критериумите утврдени со Регулативата на Комисијата (ЕУ) 2023/2831 од 13 декември 2023 година за примена на членовите 107 и 108 од Договорот за функционирање на Европската Унија во однос на државна помош од мало значење „de minimis“.

Одобрениот механизам на ЕУ за државна помош од мало значење утврдува максимален износ од 300.000,00 € по претпријатие, доделени во период од три фискални години за едно претпријатие.

Неопходно е да се достави изјава од секој апликант-претпријатие согласно горенаведениот критериум и образецот на следниот линк: Изјава за државна помош и помош од мало значење.

ПОДОБНИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ЗА КОИ Е ПРЕДВИДЕНА ПОДДРШКА

Овој повик **не е наменет** за поддршка на проекти со кои вклучуваат:

- активности кои започнале пред поднесувањето на апликацијата;
- активности финансирани од друга национална или европска програма;
- активности кои не се директно поврзани со целите на проектот GREENSMES;
- активности кои не се усогласени со важечката даночна и социјална регулатива.

Проектите се подобни доколку:

- активностите се базираат на оригинални истражувања/идеи и понатамошниот развој не е ограничен со права на трети страни, или тие ограничувања се јасно наведени;
- имплементацијата има вкупно времетраење не подолго од 6 месеци;
- потребниот буџет за имплементација не надминува 2.000 €;

Активностите за кои е предвидена поддршка мора да припаѓаат во една од следните категории:

- **Активности за градење капацитети за иновации,** работилници и обуки за вработени за иницирање зелени и одржливи иницијативи;
- **Развој на концепт и/или програма за иновациски предизвици** (пр. хакатони, студии на случај во соработка со образовни институции), со цел генерирање идеи и зајакнување на партнерствата;
- **Проценка на животниот циклус (LCA),** пресметка на влијанието врз животната средина на производи или услуги низ нивниот животен циклус;
- **Проекти за енергетска ефикасност,** подготовка на **проектни апликации и пристап до фондови,** усвојување на одржливи практики**;**
- **Поддршка за развој на зелени производи/услуги**, евалуација на идеи, стратегија за интелектуална сопственост, раст и развој на бизнис

ПОСТАПКА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИИ

Апликациите се поднесуваат по електронска пошта од страна на ММСП и ќе бидат проверени за подобност од страна на Комисијата за евалуација. Процесот на аплицирање опфаќа поднесување на два (2) документи:

1. **Формулар за апликација** со технички, финансиски дел и изјава под одговорност. GREENSMES_Application_ApplicantName
2. **Изјава за државна помош и помош од мало значење**. GREENSMES_StateAid_ApplicantName

Сите документи мора да бидат потпишани и заверени од правен застапник или овластено лице (во тој случај треба да се приложи овластување за потпис) и да се испратат во PDF формат на: info@ncdiel.mk.

Предлог-проектот (Формулар за апликација) треба да ги опише целите на проектот со и соодветната категорија, вкупниот концепт и пристап, клучните фази и резултатите што треба да се постигнат, типот на експертска поддршка што е потребна, очекуваното влијание од активноста (со квантитативни индикатори), како и предвиден буџет за спроведување на активноста.

ПОСТАПКА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ПРОЕКТНИТЕ АПЛИКАЦИИ

Членовите на Комисијата за евалуација не смеат да имаат конфликт на интерес со апликантите што може да влијае врз потенцијалната успешност на предлог-проектот.

Апликациите најпрво ќе бидат проверени во однос на нивната комплетност и усогласеност со критериумите за подобност. Апликациите кои не ги исполнуваат критериумите за подобност ќе бидат одбиени. Во случај на одбивање во оваа прва фаза на евалуација, апликантите ќе бидат известени по електронска пошта.

Апликациите кои ќе ја поминат првата фаза на евалуација ќе бидат дополнително оценувани во втората фаза, која се базира на три групи квалитативни критериуми, и тоа: „Извонредност“, „Влијание“ и „Капацитет и способности“, врз основа на следново:

Група на критериуми	Критериум	Тежина (%)
А) Извонредност	**А.1** Усогласеност со целите на проектот GREENSMES; **А.2** Технички/научен квалитет (јасна, оправдана и релевантна логика на предлог-проектот, клучни фази и резултати); **А.3** Иновациски потенцијал (иновативни цели, нови пристапи); **А.4** Оправданост на предложениот буџет;	**40%**
В) Влијание	**В.1** Зајакнување на иновацискиот капацитет на претпријатието; **В.2** Реплицирање, проширување и пазарен потенцијал; **В.3** Јасни, оправдани и релевантни показатели за влијание; **В.4** Очекувано позитивно влијание врз животната средина;	**30%**

Група на критериуми	Критериум	Тежина (%)
C) Капацитет и способности	**C.1** Доволни технички, финансиски и менаџерски капацитети за реализација на предлог-проектот; **C.2** Достапност на релевантни човечки ресурси и техничка инфраструктура за интеграција на нови знаења во претпријатието.	**30%**

Секој критериум ќе биде оценет на скала од 0 до 10, при што ќе се применат соодветните тежини за пресметка на вкупната оценка за секој апликант.

Апликациите ќе бидат подредени според вкупната оценка, од највисока кон најниска оценка, врз основа на поединечните резултати добиени за секој од критериумите за евалуација наведени погоре.

Петте гранта ќе бидат доделени според добиената оценка и достапниот буџет. Вкупниот буџет за финансирање на овие грантови во рамките на проектот GREENSMES не смее да надмине 10.000 €.

ОБВРСКИ НА КОРИСНИЦИТЕ

За одобрените проекти ќе се потпише договор за соработка кој ќе ги утврдува заедничките обврски, времетраењето на имплементацијата, процесот на следење на успешноста на проектот, доделениот експерт, интелектуална сопственост/комерцијална употреба (ако има), помеѓу ММСП и договорниот орган.

Корисниците исто така треба да ги следат инструкциите и методологијата поставена од назначените експерти и да обезбедат завршен извештај за постигнатите резултати.

При потпишување на договорот, избраните ММСП треба да достават и Уверение за подмирени даночни обврски.

DISCLAIMER. *This document has been produced with the financial assistance of the European Union. The content of the document is the sole responsibility of PP8 – Association National Centre for Development of Innovation and Entrepreneurial Learning and can under no circumstances be regarded as reflecting the position of the European Union and/or IPA ADRION programme authorities.*